**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА "ДС СМИТХ АД СКОПЈЕ" ЗА ПЕРИОД ЈАНУАРИ – МАРТ 2022 ГОДИНА**

ДС СМИТХ
-АД- Скопје
Бр. 03-1372
27.04. 2022 год.

Во периодот од 01.01 до 31.03.2022 година ДС Смитх АД Скопје оствари негативен финансиски резултат од 2.505 илјади денари.

Во првите три месеци од тековната година остварени се вкупни приходи од продажба 308.909 илјади денари, кој во однос на 2021 е зголемен за 52%. Вкупните приходи се резултат на зголемена продажба на домашен пазар за 47%, но истовремено зголемена продажба на странски пазар во висина од 63%, како количински, така и вредносно.

Друштвото оствари финансиски приходи 919 илјади по основ на наплата на отпишани побарувања од купувачите, како и позитивни курсни разлики.

Вкупните оперативни расходи изнесуваат 313.176 илјади денари, кои во однос на 2021 се зголемени за 62%. Зголемувањето/намалувањето на расходите гледано по сегменти следи:

- Зголемени трошоци на суровините и материјалите 88%, е резултат на пораст на цената на суровината која е по основ на берзанските движења;
- Услугите со карактер на материјални трошоци се повисоки за 7% од минатата година, како резултат на зголемени транспортни услуги и услуги за одржување и заштита;
- Зголемување на останати материјални трошоци каде зголемувањето е најголемо поради пораст на цената на гасот и електричната енергија согласно диктирано од берзанските услови;
- Зголемување на амортизација од 4% поради зголемување на вредноста на основните средства (инвестицијата од минатата година).

Во однос на претходната година ДС Смитх, АД Скопје нема промена во сметководствените политики и методите на вреднување на ставките во финансиските извештаи.

Промени во кредитната задолженост на Друштвото споредено со последните годишни ревидирани финансиски извештаи нема. Неплатените краткорочни обврски кон поврзани страни се намалени.

**ДС СМИТХ АД СКОПЈЕ**

Друштво за производство на хартија и амбалажа
ДС СМИТХ
-АД- Скопје